Бр. 12-439/4
09.03.2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ---------------- од ------------ на 07.10.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28-та седница одржана на 29.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предметот со број 12-4666/1 од 07.10.2019 година врз основа на пријава поднесена од подносителот ----------------- од ---------- на 07.10.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, во која се укажува на сомневање за незаконитости во конкретен судски предмет во кој посносителот на пријавата бил странка, преземени од судијата -----------, судија во Основниот суд ---------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4666/1 од 07.10.2019 година.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4666/1 од 07.10.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ----------- од -------.

Во пријавата во која се укажува на сомневање за незаконитости во конкретен судски предмет во кој посноситeлот на пријавата бил странка, преземени од судијата ------------, судија во Основниот суд --------.

По разгледување на наводите содржани во пријавата, ДКСК констатира дека се работи за правна работа по која постапил првостепениот надлежен суд и донел конкретна одлука по која подносителот на пријавата може да искористи правни средства пред повисоките судски судови. Воедно, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

упатува на коруптивно дејствување на службени лица - судии, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Исто така, по разгледување на наводите во пријавата ДКСК констатира дека во конкретниот случај подносителот на пријавата ги искористил сите правни средства пред надлежните државни органи (Центарот за социјална работа), кои се произнеле во конкретниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**